Влада на Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ЗА ПЕРИОДОТ **ЈУЛИ-ДЕКЕМВРИ, 2022 ГОДИНА**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дел. Бр. | 02 - 35/2 | | м-р Јане Станкоски<br>[име и презиме] |
| Датум: | 13.01.2023 година | | в.д. Директор<br>[функција / звање на раководител на инспекциска служба] |
| Место: | Скопје | (м.п.) | <br>[потпис] |

Содржина

I. Резиме ..... 3
II. Управување со ризици ..... 4
II.1. Дефинирање на ризични области ..... 6
II.2. Извори на информации и податоци за идентификување и утврдување на ризикот ..... 7
II.3. Следење на работата на инспекциски служби и проценка на ризик ..... 8
II.4. Критериуми за идентификување субјекти на инспекциски надзор ..... 8
III. Организација и раководење ..... 9
III.1. Правен статус на институцијата ..... 9
III.2. Раководство ..... 9
III.3. Надлежности ..... 10
III.4. Организациска структура ..... 12
III.5. Состојба со човечки ресурси ..... 13
IV. Инспекциски надзор ..... 18
IV.1. План II- второто полугодие од 2022 година ..... 21
IV.2. Реализација II- второ полугодие од 2022 година ..... 21
V. Обука на инспекторите и административните службеници ..... 50
VI. Буџет и финансирање ..... 53
VII. Меѓународна соработка ..... 54
VIII. Други активности на инспекциската служба ..... 56
VIII.1. Начело на транспарентност и јавност ..... 56
VIII.2. Односи со медиумите ..... 60
VIII.3. Интернет страница ..... 61
VIII.4. Употреба и надградби на ИТ системите ..... 62
VIII.5. Иновации во работењето, унапредување и воведување на интерни процедури во инспекциската служба ..... 63
VIII.6. Соработка со други инспекциски служби и државни институции ..... 63
VIII.7. Соработка со бизнис заедницата и здруженија на потрошувачите ..... 64
VIII.8. Соработка со образовни и научни институции ..... 64
VIII.9. Проекти ..... 65
IX. Заклучоци и препораки ..... 66

Преглед на табели и графикони

**Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во полугодието, по вид, возраст и звање** ..... 15
**Табела 2 Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во полугодието** ..... 15
Дополнителна Табела 1 Преглед на систематизирани работни места и возраст на вработените во инспекциската служба, бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор, по вид, возраст и звање, реализирани пензионирања по вид и нови вработувања во полугодието ..... 16

Графикон 1 Преглед на бројот на инспектори по родова застапеност и возраст ....................................17

Графикон 2 Преглед на бројот на инспектори по родова застапеност во % ............................................17

Дополнителна Табела 2 Преглед на вкупен број на планирани и реализирани инспекциски надзори со степен на реализација според вид во полугодието (за вид Државен земјоделски инспектор и Државен фитосанитарен инспектор) ..................................................................................................... 23

Вкупен број на планирани и реализирани инспекциски надзори со степен на реализација според вид во I и II полугодие и збирно (за вид Државен земјоделски инспектор и Државен фитосанитарен инспектор)............................................................................................................................................ 24

Разлика во планирани и реализирани инспекциски надзори на ниво на Државен инспекторат за земјоделство II полугодие 2022 година ................................................................................................. 25

Разлика во планирани 2022 година и реализирани инспекциски надзори на ниво на Државен инспекторат за земјоделство за 2022 година ......................................................................................... 28

Графикон 3 Преглед на планиран вкупен број на планирани и реализирани инспекциски надзори според вид во полугодието (за вид Државен земјоделски инспектор)......................................... 32

Графикон 4 Преглед на планиран вкупен број на планирани и реализирани инспекциски надзори според вид во полугодието (за вид Државен фитосанитарен инспектор)..................................... 32

Графикон 5 Преглед на реализирани инспекциски надзори со степен на реализација во % според вид во полугодието (за вид Државен земјоделски инспектор и Државен фитосанитарен инспектор) .....33

Дополнителна Табела 3 Преглед на бројот на планирани и реализирани инспекциски надзори според степен на ризик, по закони, во полугодието ...................................................................................... 35

Дополнителна Табела 4 Преглед на планираните и остварени инспекциски надзори во II -полугодие за 2022 година ................................................................................................................................................. 36

Графикон 6 Преглед на планираните и остварени инспекциски надзори во II -полугодие за 2022 година ................................................................................................................................................................. 36

Дополнителна Табела 5 за реализирани инспекциски надзори по закони и изречени инспекциски мерки (неправилности) II- полугодие 2022 година ........................................................................................ 39

Реализирани инспекциски надзори по закони и изречени инспекциски мерки (неправилности) I и II полугодие 2022 година (збирна)............................................................................................................. 40

**Табела 3 Преглед на вкупниот број на откриени неправилности и реализирани инспекциски надзори според вид во полугодието, по региони и општини (за вид Државен земјоделски инспектор и Државен фитосанитарен инспектор)** .................................................................................................. 41

Дополнителна Табела 3-1 Преглед на бројот на планирани и реализирани инспекциски надзори според неправилности и вид на надзор, по региони и општини, во полугодието ..................................... 44

Дополнителна Табела 6 Извештај за увезени пратки на земјоделски производи за II– полугодие 2022 година преку EXIM системот ................................................................................................................... 49

Дополнителна Табела 7 Преглед на реализирани обуки на инспектори и административните службеници во Државниот инспекторат за земјоделство во периодот јули - декември 2022 година ................................................................................................................................................. 51

Дополнителна Табела 8 Преглед на буџетот на ДИЗ за јули-декември 2022 година ............................... 54

Дополнителна Табела 8-1 Преглед на буџетот на ДИЗ за јануари-декември 2022 година ....................... 54

Дополнителна Табела 9 Преглед на примени претставки по области, форма, подносител, одговорени во полугодието ........................................................................................................................................ 60

# I. Резиме

Директорот на Државниот инспекторат за земјоделство, согласно член 35 од Законот за инспекциски надзор (*Сл. Весник на Република Северна Македонија бр. 102/19*) и Правилник за формата и содржината на извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шест месеци и на годишниот извештај за работа на инспекциските служби (*Сл. Весник на Република Северна Македонија бр. 238/19*), донесе **извештај за работа на Државниот инспекторат за земјоделство за периодот јули-декември, 2022 година** и истиот ги содржи следните поглавја:

**Управување со ризици**. Со цел да се воспостави рамка во која ќе се вгради и ќе се развива управувањето со ризици во самиот процес на вршење на инспекциски надзор, односно насочување на ресурсите на Државниот инспекторат за земјоделство онаму каде ризикот за сериозни неправилности е најголем, а при тоа користејќи минимум потребно ниво на интервенција за да се обезбеди усогласеност, се започна со воспоставување на процесот на управување со ризик, согласно донесената „Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори".

**Организација и раководење.** Прикажан е правниот статус на Државниот инспекторат за земјоделство, раководството, надлежностите, организациската структура и состојбата со човечките ресурси (структура на вработените, нови вработувања и пензионирања и број на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во полугодието), податоци кои се прикажани во табеларни прегледи.

**Инспекциски надзор.** Во извештајниот период Државниот инспекторат за земјоделство, своето работење го реализираше преку доследно спроведување на одредбите од законите и поблиските прописи од делокругот на работење на овој инспекциски орган, преку вршење на надзори и преземање на инспекциски мерки, кај сите субјекти, кои работат во овие области, но секогаш навремено постапуваше и по доставените информации за одредени неправилности и злоупотреби, кога не се почитуваат одредбите од законите и поблиските прописи. Прегледот на вкупниот број на откриени неправилности и реализирани инспекциски надзори според вид во полугодието, по региони и општини е статистички прикажан во *Табела 3* (за вид Државен земјоделски инспектор и Државен фитосанитарен инспектор), како и табеларни прегледи по закони со графички прикази на реализацијата на извештајниот период, а направени се дополнителни анализи, со кои се прикажува и рализацијата на годишниот план на инспекциската служба. Од вкупно планирани **20464** инспекциски надзори **во II - то полугодие од 2022 година се реализирани 23404 инспекциски надзори или 114,3%, со тоа степенот на реализација е надминат.**

Овој степен на реализација во I- то полугодие од 2022 година изнесуваше 115,73%, со тоа од вкупно планираниот број од **40740 инспекциски надзори во I и II полугодие**, извршени се вкупно **46870 инспекциски надзори** (редовни, контролни, вонредни) нивниот степен на реализација на годишно ниво, **изнесува 115,04%.**

**Обука на инспекторите и административните службеници.** Во согласност со член 50, став (1) од Законот за инспекциски надзор и член 10, став (2) од Закон за државниот инспекторат за земјоделство, директорот на Државниот инспекторат за земјоделство, донесе Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор за 2022 година со архивски број 02-789/1 од 17.09.2021 година.

Генерички обуки на инспекторите, врз основа на донесената Годишна програма за генерички обуки на инспекторите за 2022 година со арх.бр. 02-562/2 од 17.06.2021 година, беа следени преку ЛМС платформа за електронско учење, која се реализираше преку методот на

самоучење на кој платформа се прикачени материјали. Од страна на инспекторите (113) успешно беа завршени вкупно 321 обуки или 93,85% реализација, ако се земе минимумот од 3-три генерички обуки по инспектор (342).

Од планираните специјализирани обуки (по минимум 2 обуки по сектор), за вкупно 228 инспектори претставени во 8 модули, истите се реализирани кај вкупно 228 инспектори и 10 административни службеници, и со тоа реализацијата на специјализираните обуки изнесува 100 %.

Кај сите 576 учесници (инспектори и административни службеници) на вкупно 19 обуки, дојде до надградување на основните компетенции и вештини особено кај инспекторите, со што се овозможи постигнување на високи перформанси и помош во нивниот професионален развој. (Прикажани во Допол. табеларен преглед бр. 7).

**Буџет и финансирање.** Извештајот за реализацијата на предлог буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година за Државниот инспекторат за земјоделство, е прикажан според главните категории на приходи и расходи.

**Меѓународна соработка.** Државниот инспекторат за земјоделство со своето работење врши сложени, стручно оперативни и аналитички задачи и активности за поддршка на целокупниот процес на ЕУ интеграцијата и преговори за пристапување во делот на инспекторатот, во 3 –трите поглавја: 11 - Земјоделство и рурален развој; 12 - Безбедност на храна ветеринарство и фитосанитарна политика и 13 - Рибарство.

**Други активности на инспекциската служба.** При вршење на работите Инспекторатот ги почитува начелата на транспарентност и јавност во согласност со закон и информации поврзани со и за работата на Државниот инспекторат за земјоделство во електронска форма на граѓаните им се достапни на новата страна (http://diz.gov.mk). Заради широкиот спектар на законски овластувања и надлежности при своето работење Инспекторатот соработуваше со бизнис заедницата, здруженија на потрошувачите, образовни и научни институции и сите чинители кои можат да придонесат со своите активности за зголемување на транспарентноста. Државниот инспекторат за земјоделство има потреба од софтверската апликација која треба да овозможи автоматизирање на деловните процеси и работните активности на инспекторите.

**Заклучоци и препораки.** Со примена на новиот концепт на инспекциски надзор преку планирање врз основа на процена на ризик и воедначено вршење на инспекцискиот надзор, се постигна поголема транспарентност, предвидливост и правна сигурност за субјектите на надзор. Општата оценка на реализација на зацртаните програмски цели и задачи, е на високо ниво на нивно исполнување, квалитетно, ефективно, ефикасно почитувањето на роковите, при остварување на месечните планови, како и годишниот план за работа на инспекциската служба за 2022 година.

## II. Управување со ризици

Со цел да се воспостави рамка во која ќе се вгради и ќе се развива управувањето со ризици во самиот процес на вршење на инспекциски надзор, односно насочување на ресурсите на Државниот инспекторат за земјоделство онаму каде ризикот за појава на неправилности е најголем, а при тоа користејќи минимум потребно ниво на интервенција за да се обезбеди усогласеност, се започна со воспоставување на процесот на управување со ризик, согласно донесената *„Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори“* (арх. Бр. 02-633/2 од 25.08.2020 година).

Законската рамка која се регулира во секторите за инспекциските надзор опфаќа широк спектар на закони и подзаконски акти со кои се уредува организацијата, надлежностите и постапката на вршење на надзор од страна на секој инспектор во Инспекторатот. Се идентификуваат периодично законските обврски, субјектите кои при вршењето на дејностите не се придржуваат кон законската регулатива и презема мерки за нивно санкционирање и санирање на повредите на законските процедури.

Заради тоа, управувањето со ризици е од исклучителна важност и претставува составен дел од секојдневното работење на Државниот инспекторат за земјоделство. Тоа подразбира воспоставување ефикасен систем на внатрешни контроли, кои треба да се засноваат на: идентификување на ризици и проценка, утврдување на степен на ризици при планирањето на инспекциските надзори, проценка на нивната веројатност и ефект/влијание, следење и оценка за ризиците, како и утврдување на соодветни внатрешни мерки за контролирање на ризици при спроведување, односно извршувањето на инспекциските надзори.

Управувањето со ризиците овозможува: донесување поквалитетни одлуки, подобро предвидување и оптимизирање на расположливите средства и ресурси, согледување на приоритетите, како и избегнување на идните проблеми кои можат да се појават при реализацијата на поставените цели.

Целта на управувањето со ризик е да ги доведе ризиците во Инспекторатот на прифатливо ниво со спроведување на мерки кои ќе ја ублажат веројатноста за настанување на ризикот и влијанието на неговата реализација. Ризиците се природен дел од секојдневните активности и не може да се избегнат, но можат да бидат управувани. Тоа значи дека треба да се утврди одредено ниво на "прифатлив ризик" за секој конкретен случај во анализата. Прифатлив ризик е степенот на ризик што раководството е подготвено да го прифати во постигнувањето на своите цели.

Според „Правилникот за елементите на проценката на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзор врз основа на проценката на ризик *(„ Службен весник на Република Северна Македонија" бр.247/2019*), елементите за проценка на ризик се: тежината на штетните последици и веројатноста за случување на штетните последици. Со Методологијата за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори се пропишува начинот на проценка на ризик, преку идентификација на специфичните ризици во надлежност на контролата од страна на Државниот инспекторат за земјоделство и мерењето на степенот на ризиците, а со цел ефективно и ефикасно планирање на обемот и зачестеноста на надзорот над субјектите во областа на земјоделството.

Месечните планови за инспекциски надзор се важна алатка во управувањето со надзорот, бидејќи ги распоредува ограничените ресурси на Државниот инспекторат за земјоделство со цел постигнување на максимални ефекти во спречувањето на неправилностите и минимизирање на штетите. Изработката на месечните планови во извештајниот период во најголем дел се засноваат врз проценката на ризиците. Квалитетот на извршувањето на плановите е во директна корелација со квалитетот на проценката на ризиците.

Врз основа на горенаведеното, извршена е проценка на очекуваната состојба во областа на инспекциски надзор од аспект на ризиците за непримeнување на прописите за секој инспекциски сектор одделно во Државниот инспекторат за земјоделство, при што се лоцирани сензитивните точки по закони (проценка на ризици за непримeнување на прописите) каде Инспекторатот при вршење на инспекциски надзор обрна поголемо

внимание, при што проценката беше извршена врз основа на искуствата од вршење на инспекциски надзор во изминатите години, односно редовното вршење на инспекциски надзор по закони и области. Основа при изготвување на плановите во извештајниот период се превземени податоци од Годишниот план, за што се изготвувани месечни планови од областите за кои е надлежен Инспекторатот, законската регулатива и сл. Оттука, произлегува дека проценката на ризиците е извршена врз основа на два вида влезни информации за проценка на влијанието на ризикот и проценка на веројатноста за појавување на ризикот.

Врз основа на тоа, дадена е проценка за очекуваната состојба во областа на инспекциски надзор од аспект на ризиците за неприменување на прописите за секој сектор одделно по закони по кои постапува секторот.

### II.1. Дефинирање на ризични области

Предметот на инспекциски надзор се врши врз основа на веќе дефинирани ризични области во земјоделството врз основа на одредени **критериуми**. Со вршење на квалитетни, ефикасни и ефективни инспекциски надзори се намалува ризикот од многу аспекти како на пример:

- Од страна на Државните фитосанитарни инспектори во континуитет се вршеа инспекциски надзори во делот на пласирање на пазар и одржлива употреба на фитофармацевтските производи со намалување на ризиците и влијанијата на нивната употреба врз здравјето на луѓето, животните и животната средина и следење и принципите на интегрирана заштита на растенијата согласно *Законот за фитофармација*, со цел да се констатира фактичка состојба, дали субјектите на надзорот ги употребувале фитофармацевтските производи според наведеното во одобрението, односно дали наведените производи биле употребувани на отворено или во затворен простор. Исто така, при спроведување на инспекциските надзори и во случаи кога не е утврдена неправилност во однос на употребата на производите се информираат субјектите (вклучително и земјоделските аптеки кои ги пласираат на пазар ) на инспекцискиот надзор за новите ограничувања на употреба на наведените производи со цел избегнување на неправилности во иднина (**РИЗИК 2** - Уништување на некое добро или ограничување, односно спречување на остварување на право или интерес, кај трговците со земјоделски репроматеријали (увозници, дистрибутери и трговци на мало и големо на производи за заштита на растенијата) и (**РИЗИК 1** - Загрозување на здравје на луѓето, при употреба (апликација) фитофармацевстки производи (производителите на примарни земјоделски производи).

- Имплементацијата на Програмата за мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата за 2022 година, а постапувајќи по *Законот за квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата* (**РИЗИК 2** - Уништување на некое добро или ограничување, односно спречување на остварување на право или интерес, кај трговците со земјоделски репроматеријали (увозници, дистрибутери и трговци на мало и големо на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата и семе и саден материјал).

- Согласно дефинираните ризични области во II полугодие се вршеа засилени инспекциски надзори согласно *Законот за земјоделство и рурален развој*, кај откупувачи на земјоделски култури: тутун, ориз, грозје, градинарски култури, со цел

исполнување на законските обврски од страна на инспектираните субјекти и идентификување на нерегистрирани откупувачи, како и следење на фактичка состојба кај физички лица пред сè во однос на задолжителната употреба на единствениот идентификациски број на земјоделското стопанство (ИДБР) во регистрите формирани согласно закон и пријава на промените, од каде се следат новите субјекти каде е можно да се детектираат и нови нерегистрирани откупувачи (**РИЗИК 3-**Уништување на некое добро или ограничување, односно спречување на остварување на право или интерес, кај откупувачи на примарни земјоделски производи).

- Имплементација на Мониторинг Програмата за фитосанитарна политика за 2022 година, при здравствени прегледи кои се вршат во производните региони и граничните премини, се со цел утврдување на присуството или отсуството на штетни организми, заради веројатноста од можни ризици од штетни организми и тоа: кај семенски и меркантилен компир, градинарски култури, овошни видови, винова лоза и тутуни Програмата за спроведување на мониторинг во областа на производство, преработка, складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на производите за заштита на растенијата и резидуи од производи за заштита на растенијата во производи од примарно земјоделско производство за 2022 година, а постапувајќи по Законот за здравјето на растенијата (**РИЗИК 4** -Загрозување на некое добро, во смисла на негово оштетување или уништување, кај увозници на растенија, растителни производи и други објекти и предмети).

- Согласно дефинираните ризични области во II полугодие се вршеа засилени инспекциски надзори, над користење на државно земјоделско земјиште спротивно на Закон за земјоделско земјиште (**РИЗИК 5** - Загрозување на некое добро, во смисла на негово оштетување или уништување, кај корисници на државно земјоделско земјиште).

- Согласно дефинираните ризични области во II полугодие се вршеа засилени инспекциски надзори, во поглед на заштита и чување на државните риболовни води од бесправен риболов и риболовни кражби над риболовните води согласно Закон за рибарство и аквакултура (**РИЗИК 6** - Уништување на некое добро или ограничување, односно спречување на остварување на право или интерес, кај концесионери за стопанисување со рибите во риболовните води).

### II.2. Извори на информации и податоци за идентификување и утврдување на ризикот

Државниот инспекторат за земјоделство изворите на информации и податоци за идентификување и утврдување на ризикот ги користи врз основа на вршење на инспекциски надзор, претставки, пријави, дојави од правни и физички лица на бесплатниот телефонски број, информации од здруженија, медиуми, заклучоци на Влада на Република Северна Македонија, врз основа на добиените резултати од различни мониторинг програми, информации од други надлежни инспекторати, податоци од интерни регистри, во соработка со други институции.

Врз основа на анализирање и утврдувањето на **РИЗИК 6** (***Уништување на некое добро или ограничување, односно спречување на остварување на право или интерес, кај концесионери за стопанисување со рибите во риболовните води, критериумите за утврдување на ризикот)***, произлезе потребата од координирани инспекциски надзор со други инспекциски служби и органи на управата (од страна на координативното работно тело

формирано од страна на Влада на Република Северна Македонија за преземање на мерки и активности за контрола и следење на состојбата со риболовот и заштита на водите и рибите во Охридското Езеро).

## II.3. Следење на работата на инспекциски служби и проценка на ризик

Инспекцискиот надзор е заснован на проценка на ризикот. Според степенот, ризикот може да биде **низок, среден и висок**. Проценката на ризик вклучуваше анализа, управување и известување за ризикот и започна да се спроведува според методологија за проценка на ризик.

Одредени ризици, а особено оние поврзани со здравјето на луѓето , безбедноста на храната и животната околина кои се со висок ризик беше оправдано поголемо ниво на мониторинг и проверки на субјектите на надзор. Други пак, ризици беа едноставни технички неправилности и истите не оправдуваа трошење на време и средства за да се пронајдат, а поради кои би се занемариле други посериозни неправилности.

Фокусирањето кон ризиците се применуваше во одредувањето на тоа колку често треба да се врши надзор на субјектите. Субјектите за кои постоеа сознанија дека во своето работење ја почитуваат законската регулатива поретко беа контролирани, за разлика од оние субјекти кои работат во поризичен сектор или пак оние субјекти кај кои биле утврдени значајни неправилности во минатото.

Инспекцискиот надзор е заснован на проценка на ризикот и ја има следната реализацијата за извештајниот период.Според степенот на ризик планирани се вкупно 1057 редовни инспкцискии надзори од кои со висок ризик 153 (14,5%) , среден ризик 661 (62,54%) и низок ризик 243 (23%).

Инспекцискиот надзор е заснован на проценка на ризикот и во извештајниот период ја има следната реализацијата (вкупно 1032 редовни инспекциски надзори), според степенот на ризик:

- 148 висок ризик реализирани се вкупно 96,73 %,
- 658 среден ризик реализирани вкупно 99,54 % и
- 226 низок ризик реализирано 93 % или севкупна реализација 97,63%.

Истото е прикажано по закони во Дополнителна Табела 3 Преглед на бројот на планирани и спроведени инспекциски надзори според степен на ризик, по закони, во полугодието, како и стапката на остварени инспекциски надзори во % процент на застапеност.

## II.4. Критериуми за идентификување субјекти на инспекциски надзор

Државниот инспекторат за земјоделство како појдовни ,,критериуми за идентификување на субјекти" се служеше со емпириски наоди од претходно извршените инспекциски надзори како и регистрите (од областа на земјоделството) кои се водат во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство: *Фитосанитарната управа, Управата за семе и саден материјал и организационите единици во министерството: Сектор за лозарство, винарство и овоштарство, Сектор за земјоделство, Сектор за регистрирање и управување со земјоделско земјиште*.

За правилна проценка на ризикот и управување со истиот, потребна е соодветна база на податоци, од која ќе можат редовно да се црпат податоци за анализа на ризик. Исто така, потребно е организациско екипирање на Одделение за управување со ризик во Инспекторатот.

Како критериуми за дефинирањето на ризичните подрачја се земени: број на идентификувани и изречени инспекциски мерки во областа, висина на изречените прекршочни/ кривични казни, фреквенција на повторување на прекршоците кај субјекти во дадените области, сложеноста на инспекцискиот надзор и влијание врз здравјето на луѓето и растенијата.

И во II полугодие од 2022 година, континуирано се продолжи со **координирани инспекциски надзори** и преземање на заеднички мерки со други инспекциски служби и органи, во поглед на заштита и чување на државните риболовни води од бесправен риболов и риболовни кражби над риболовните води: Преспанско Езеро и Охридско Езеро, за време на ловостој. Координативното работно тело формирано од Влада на Република Северна Македонија презема мерки и активности за контрола и следење на состојбата со риболовот и заштита на водите и рибите во Охридското езеро, преку заеднички координативни мерки на сите кои директно се вклучени во процесот на заштита на Охридското езеро и тоа: АХВ, Охридската капетанија, Општина Охрид, МВР Езерска полиција и Државниот инспекторат за земјоделство.

Важно е да се напомене дека Државниот инспекторат за земјоделство врши инспекциски надзори и истите ги планира во месечните планови за работа преку регистри од Министерство (МЗШВ) и ги реализира во дадениот период.

Покрај планираните субјекти за надзор земени од регистрите инспекторите вршеа голем број на инспекциски надзори над нерегистрирани правни субјекти и физички лица, а извршените надзори се евидентирани во месечните/шестмесечните извештаи за работа, како вонредни (ненајавени) инспекциски надзори согласно ЗИН.

# III. Организација и раководење

## III.1. Правен статус на институцијата

Државниот инспекторат за земјоделство до декември 2013 година беше орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со надлежност врз донесувањето на Законот за Државен инспекторат за земјоделство и подзаконските акти кои произлегуваат од него. Од декември 2013 година со донесувањето на *Законот за изменување и дополнување на законот за државниот инспекторат за земјоделство (Службен Весник на Република Македонија бр. 164/13 година)*, Државниот инспекторат за земјоделство е со својство на правно лице, има сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработување согласно со Закон и одлучува за правата и обврските од работен однос.

## III.2. Раководство

Државниот инспекторат за земјоделство, работите од својата надлежност ги извршува преку:

- директорот на Инспекторатот, кој го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија,
- државните инспектори за земјоделство и државните фитосанитарни инспектори,
- стручната служба во Инспекторатот и
- рибочувари на државни риболовни води (рибочувари).

### III.3. Надлежности

Државниот инспекторат за земјоделство (ДИЗ) е основан согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа, а својата организација, надлежности, овластувања, постапки и сл. ги врши согласно Законот за Државниот инспекторат за земјоделство.
Инспекторатот врши и инспекциски надзор согласно Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност.
Инспекторатот во својата надлежност е овластен да врши инспекциски надзор преку контроли и прегледи на:
1) земјоделското земјиште, земјоделски посеви и насади;
2) производство и промет на производи за заштитата на растенија;
3) производство и промет на семенски и саден материјал;
4) производство и промет на ѓубрива;
5) производство и промет на квалитет на храна за животни;
6) евиденција на приплоден и друг добиток, преглед на земјоделскиот имот, на објекти и опрема при држење на добитокот, врши преглед на исхраната, утврдува земјоделска инфраструктура, врши надзор на држењето на пчели и пчеларски ред за испаша, водење на матични книги и обележувања, го утврдува исполнувањето на критериумите за производство, потекло на добитокот и надзор на прометот на добитокот и приплодниот материјал, како и надзор над работата на одобрените институции и одгледувалишта на пчелни матици;
7) производство, промет и улов на риби;
8) генетски модифицирани организми;
9) радионуклиди во храна за животни, растенија и семенски материјал;
10) производство и промет на афион;
11) производство и промет на органски производи;
12) производство и промет на вино;
13) производство и промет на тутун;
14) производство и промет на цвеќе и декоративни растенија;
15) пасишта;
16) правни и физички лица за добивање на финансиска поддршка во земјоделството;
17) настанати полски штети;
18) опремата и простории каде што се врши преработка и доработка на земјоделски производи;
19) земјоделска механизација, техника и транспортни средства;
20) процесите на преработка и доработка во сите фази, се до финалниот производ;
21) зоните чувствителни на нитрати и наводнување и одводнување;
22) спроведување на препораките за добра земјоделска пракса;
23) просториите за чување и одржување на земјоделските производи и
24) деловни простории, книги, исправи, материјали во електронска форма, документација која се води и чува во електронски медии, а на барање да се изработат во писмена форма која мора веродостојно да ја потврдува електронската форма, службени регистри и други јавни бази на податоци и друга документација преку која се остварува увид во извршувањето на законите и поблиските прописи.

Инспекторатот, покрај горенаведеното, согласно *„Закон за Државниот инспекторат за земјоделство*" („Службен весник на РМ" бр. 20/09, 53/11, 164/13, 43/14, 33/15, 88/15, 149/15, 39/16, 172/16 и 83/18), *„Закон за квалитетот на земјоделските производи*" („Службен весник на РМ" бр. 140/10, 53/11, 55/12, 106/13, 116/15, 149/15, 39/16 и 150/21), *„Закон за семенски и саден материјал за земјоделски растенија*" („Службен весник на РМ" бр. 39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 55/11 – пречистен текст, 69/13, 187/13, 43/14, 151/14 - пречистен текст, 129/15, 39/16, 71/16, 83/18 и 122/21), *„Закон за квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата*" („Службен весник на РМ" бр. 27/14, 154/15, 39/16 и 150/21), *„ Закон за тутун, производи од тутун и сродни производи*" („Службен весник на РМ"бр. 98/19, 27/20 и 56/21), „Закон за виното" („Службен весник на РМ" бр. 50/10, 53/11 ,6/12, 23/13, 106/13, 188/13, 149/15, 39/16, 172/16, 70/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 235/19) и *„Закон за сточарството*" („Службен весник на РМ" бр. 7/2008, 116/10, 23/13, 149/15, 39/16 и 122/21), овластен да врши инспекциски надзор на правни и физички лица преку контрола на квалитетот и прегледи на пратките од увоз, извоз, производство, откуп, промет на земјоделски производи, семе и саден материјал, цвеќе и декоративни растенија, производи за заштита на растенија, вино и производи од вино и грозје, енолошки средства, јаки алкохолни пијалоци, ѓубриња, тутун и тутунски производи, органски производи, гмо, храна за животни, приплоден добиток, сперма од добиток, јајце клетки, ембриони.

Инспекторатот врши и **фитосанитарна контрола** на пратки од растенија, растителни производи и други објекти и предмети и фитофармацевтски производи, како и утврдување за исполнување на условите за издавање на фитосанитарен сертификат, фитосанитарен сертификат за реекспорт и пасоши за растенијата.

Инспекторатот постапува по барања од правни и физички лица за проверување и утврдување на исполнување на условите за прозводство и **откуп на земјоделски производи** и тутун, како и за утврдување на исполнување на условите за регистрација на откупни пунктови, винарски визби, рибници, пломбирање на мрежи.

За извршените контроли на квалитет, Инспекторатот издава **уверение за квалитет – сертификат.**

Правните и физички лица се должни да поднесат барање до Инспекторатот и во истото да дадат точни податоци со комплетна документација за потребната контрола.

Контролите на квалитет на пратки од увоз се вршат на <u>место на истовар</u>, а за пратки за внатрешен промет и за извоз се вршат на местото на утовар. Местото на истовар, односно утовар, мора да биде наведено во транспортниот документ.

Правните и физичките лица не смеат да пуштат во промет пратки од увоз без уверение за квалитет - сертификат, додека за пратките за извоз и внатрешен промет уверение за квалитет - сертификат се издава на нивно барање.

Царинската управа нема да дозволи, спроведе увозна постапка доколку претходно не е поднесено барање за издавање на уверение за квалитет - сертификат од правно или физичко лице - трговец поединец.

Инспекторот е должен во рок од три работни дена од денот на добиените резултати од земените мостри да издаде уверение за квалитет -,,сертификат".

Рибочуварите ги чуваат државните риболовни води кои не се дадени на концесија за риби од бесправен риболов и риболовни кражби.

При контролата рибочуварот има право од лицата кои ловат риба од брег и од пловен објект, како и од лицата кои се наоѓаат во непосредна близина на риболовната вода:

- да побара документ за лична идентификација,
- да врши преглед на средствата со кои лицето дошло до риболовната вода,
- да побара легитимација и дозвола за вршење риболов согласно со Законот за рибарство и аквакултура и
- да ги одземе привремено риболовните средства и уловената риба доколку утврди неправилности.

При чувањето рибочуварот составува записник и доколку констатира неправилност привремено ги одзема риболовните средства и риба за што издава потврда за привремено одземени риболовни средства и риба, а одземените риболовни средства и риба со целокупната документација ги доставува до инспектор (*изготвена е интерна процедура за работа на рибочуварите во одделението за физичка заштита на риболовни води со арх. бр. 01-549/1 од 18.06.2020 година*).

Во рамките на работењето на Државниот инспекторат за земјоделство функционира и **EXIM системот - едношалтерски систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти**, ( www.exim.gov.mk), проект на Владата на Република Северна Македонија, и истиот овозможува одобрување на поднесените барања за дозволи и издавање на дозволите од извршените контроли на пратките.

Од страна на Државниот инспекторат за земјоделство при спроведување на постапката за одобрување на барање за увоз се издава **лиценца I005** - *Потврда за извршен органолептички преглед и земени мостри при увоз на пратки од растително потекло* и **лиценца I009** - Влезен документ за репродуктивни животни и приплоден материјал при увозна постапка.

Нема промени во полугодието во поглед на надлежностите на Државниот инспекторат за земјоделство, кој е основан согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа, а својата организација, надлежности, овластувања, постапки и сл. ги врши согласно Законот за Државниот инспекторат за земјоделство и други материјални закони.

## III.4. Организациска структура

Со цел подобро управување на Инспекторатот, подобро разбирање на улогите на вработените во инспекторатот, полесно вршење на координација, контрола и комуникација во работењето, Државниот инспекторат за земјоделство во својата систематизација има предвидено 6-шест сектори и тоа:

**1. Сектор за инспекциски надзор од областа на рибарството со аквакултурата, сточарството, пчеларството, земјишната политика со поледелско производство. Во состав на овој сектор се 4 одделенија и тоа:**

1.1. Одделение за инспекциски надзор од областа на рибарството со аквакултурата,

1.2.Одделение за физичка заштита на риболовни води,

1.3.Одделние за инспекциски надозр од областа на сточарството со пчеларството и

1.4.Одделение за инспекциски надзор од областа на земјишната политика со поледелски култури.

**2. Сектор за инспекциски надзор од областа на семе, саден материјал, производи за заштита на растенија, квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, цвеќе, генетски модифицирани организми и вино со лозарство со 3 одделенија и тоа**:

2.1 Одделение за инспекциски надзор од областа на семе, саден материјал, производите за заштита на растенија и квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата,

2.2 Одделение за инспекциски надзор од областа на цвеќе и генетски модифицирани организми и

2.3 Одделение за инспекциски надзор од областа на вино со лозарство.

**3. Сектор за инспекциски надзор од областа на земјоделството и руралниот развој, органско производство, тутун и тутунски производи и квалитет на земјоделски производи има четири одделенија и тоа:**

3.1 Одделение за инспекциски надзор од областа на земјоделството и руралниот развој,

3.2 Одделение за инспекциски надзор од областа на органското производство,

3.3 Одделение за инспекциски надзор од областа на тутунот и тутунските производи и

3.4 Одделение за инспекциски надзор од областа на квалитетот на земјоделски производи.

**4. Сектор за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика со две одделенија и тоа:**

4.1 Одделение за инспекциски надзор од областа на фитосанитарна политика на граничен премин и

4.2 Одделение за инспекциски надзор од областа на фитосанитарна политика во внатрешноста на државата.

Во Државниот инспекторат за земјоделство покрај 4 инспекторски сектори постојат и 2 сектори за административна и правна поддршка и тоа:

**5. Сектор за проекти и административна поддршка на директорот во кој има три одделенија и тоа:**

5.1 Одделение за проекти,

5.2 Одделение за административна поддршка на директорот и

5.3 Одделение за анализа на ризик.

**6. Сектор за логистика и техничка поддршка, правни работи, планирање и обработка на податоци во кој има четири одделениија и тоа:**

6.1 Одделение за правни работи,

6.2 Одделение за планирање и обработка на податоци,

6.3 Одделение за информатички технологии и

6.4 Одделение за јавни набавки.

Во Државниот инспекторат за земјоделство, надвор од секторите, се формирани следните одделенија:

1.Одделение за управување со човечки ресурси,

2.Одделение за внатрешна ревизија,

3.Одделение за финансиски прашања

4.Одделение за внатрешна контрола и

5.Одделение за EXIM - едношалтерски систем за дозвола за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти.

### III.5. Состојба со човечки ресурси

Државниот инспекторат за земјоделство заклучно со 31.12.2022 година брои вкупно 156 вработени, вклучувајќи го директорот на инспекторатот (систематизирани работни места вкупно 224, пополнети работни места вкупно 155 или реализирани работни места од 69,19 %).

Донесен е Правилник за ситематизација на работните места со арх. знак бр. 04-749/1 од 18.08.2022 година, каде настапиле промени во систематизирани работни места од вкупно 76 систематизирани работни места на административни и помошно технички лица, врз основа на која ситематизација во моментот заклучно со 31.12.2021 година, пополнети се вкупно 31 работни места или 40,78 % реализација на работните места.

Заклучно со **31.12.2022 година**, од вкупно 148 предвидени работни места за инспектори (од двата вида) пополнети се вкупно 124 работни места или 83,78 % реализација на работните места, кои се прикажани во Дополнителна Табела 1 Преглед на систематизирани работни места и возраст на вработените во инспекциската служба, бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор, по вид, возраст и звање, реализирани пензионирања по вид и нови вработувања во полугодието.

Во II- второто полугодие 2022 година започна реализација со **вкупно 119 инспектори** од кои 68 од видот државни земјоделски инспектори и 51 државни фитосанитарни инспектори, кои постојано или повремено вршеа надзори во периодот и тоа:

- Б2 - главни инспектори (3),
- Б4 - виши инспектори (4),
- В1 – советник инспектор (93),
- В2 – самостоен инспектор (6),
- В3 – помошник инспектор (3) и
- В4 – помлад инспектор (10).

*Прикажани во *Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во полугодието, по вид, возраст и звање*.

Промени во на II полугодие 2022 година за вкупно 4- четири инспекторите се следни: заминување на 2 - двајца државни земјоделски инспектори (ниво В1 и ниво Б4), 2- двајца државни фитосанитарни инспектори (ниво В1), поради стекнување право за пензија претставени во *Табела 2 Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во полугодието*.

*Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во полугодието, по вид, возраст и звање*

| Вид | Државен земјоделски инспектор | | | | | | Државен фитосанитарен инспектор | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 3 |
| Б3 – пом. главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | 0 | 0 | 3 | 0 | 1 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 1 | 4 |
| В1 – советник инспектор | 0 | 1 | 21 | 23 | 4 | 49 | 0 | 7 | 8 | 25 | 4 | 44 | 0 | 8 | 29 | 48 | 8 | 93 |
| В2 – самостоен инспектор | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 2 | 1 | 1 | 4 | 0 | 0 | 4 | 1 | 1 | 6 |
| В3 – помошник инспектор | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 3 |
| В4 – помлад инспектор | 2 | 2 | 4 | 0 | 0 | 8 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 2 | 2 | 3 | 4 | 0 | 1 | 10 |
| **Вкупно** | **2** | **5** | **30** | **26** | **5** | **68** | **0** | **8** | **11** | **26** | **6** | **51** | **2** | **13** | **41** | **52** | **11** | **119** |

*Табела 2 Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во полугодието*

| Вид | Државен земјоделски инспектор | | | Државен фитосанитарен инспектор | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. глав. инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | 0 | 1 | -1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | -1 |
| В1 – советник инспектор | 2 | 1 | 1 | 1 | 2 | -1 | 3 | 3 | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| Вкупно | 3 | 2 | 1 | 1 | 2 | -1 | 4 | 4 | 0 |

*Дополнителна Табела 1 Преглед на систематизирани работни места и возраст на вработените во инспекциската служба, бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор, по вид, возраст и звање, реализирани пензионирања по вид и нови вработувања во полугодието*

| Назив на инспекциската служба: | | Државен инспекторат за земјоделство | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Категорија / Ниво | Звање / Група | Систематизација[1] | | | Возраст на вработените[2] | | | | | | | | | | Степен на образование[3] | | | | | Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во полугодието, по вид, возраст и звање[4] | | | | | | | | | | Реализирани пензионирања во полугодието[5] | | Нови вработувања во полугодието (II) 2022 година[6] | | |
| | | Предвид. раб.мест. 1а | Пополн. раб.мест. 1б | Кандидати за инсп. 1в | до 30 години | | 31-40 години | | 41-50 години | | 51-60 години | | над 60 години | | I до V степен[а] | VI-Б степен[б] | VI-А степен[в] | VII степен[г] | VIII степен[д] | Државен земјоделски инспектор 4а | | | | | Државен фитосанитарен инспектор | | | | | Државен земјоделски инспектор | Државен фитосанитарен инспектор | Планирано | Одобрено | Реализирано |
| | | | | | машки пол | женски пол | машки пол | женски пол | машки пол | женски пол | машки пол | женски пол | машки пол | женски пол | | | | | | до 30 годин | 31-40 годин | 41-50 годин | 51-60 годин | над 60 | до 30 годин | 31-40 годин | 41-50 годин | 51-60 години | над 60 години | | | | | |
| Б1 | Генерален инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 | Главен инспектор | 4 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 | Пом. главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 | Виш инспектор | 12 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | 3 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| В1 | Советник инспектор | 111 | 95 | 2 | 0 | 0 | 8 | 2 | 22 | 11 | 32 | 14 | 7 | 1 | 0 | 0 | 86 | 9 | 2 | 0 | 1 | 21 | 23 | 4 | 0 | 7 | 8 | 25 | 4 | 1 | 2 | 3 | 3 | 0 |
| В2 | Самостоен инспектор | 6 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 5 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 | Помошник инспектор | 3 | 3 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 | Помлад инспектор | 12 | 10 | 2 | 2 | 0 | 4 | 0 | 3 | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 12 | 0 | 0 | 2 | 2 | 4 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 |
| Б | Раковод. админ. службј. | 15 | 5 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
Со потпишувањето на Договорот за соработка во областа на ветеринарство, безбедност на храна и храна за животни и фитосанитарна област во рамките на иницијативата Отворен Балкан на 21ви декември 2021 година започна интензивна соработка помеѓу надлежните служби од областа на фитосанитарна политика од Република Северна Македонија, Република Србија и Република Албанија. Во изминатиот период се одржаа повеќе работни состаноци преку физичко присуство (на министерско, директорско и техничко ниво) или онлајн платформи се со една заедничка цел непречена трговија и намалување на давачките на

пратките кои подлежат на фитосанитарна контрола а се извезуваат и увезуваат помеѓу овие три земји.

Во рамки на интензивирање на соработката меѓу трите земји на иницијативата Отворен Балкан во септември 2022 година беше потпишан Договор за обезбеденост со храна, во чие изготвување учествуваше и Државниот инспекторат за земјоделство, како една од надлежните институции во областа на обезбеденост со храна.

# VIII. Други активности на инспекциската служба

## VIII.1. Начело на транспарентност и јавност

При вршење на работите Инспекторатот ги почитува начелата на транспарентност и јавност во согласност со закон. На барање на заинтересираните правни и физички лица Инспекторатот е должен да ги достави сите неопходни информации кои би можеле да им бидат од корист, а кои се однесуваат на општата безбедност на крајните корисници и ризикот по животот и здравјето на луѓето и животните, освен информациите за кои со закон не е дозволен пристап.

Објавена информација - АКТИВНОСТ на 22.07.2022 година на веб страната на ДИЗ.Во рамките на ЕУ IPA Твининг проектот „Подобрување на административните и оперативните капацитети на надлежните органи за заштита на растенијата", кој се спроведува во соработка со надлежните фитосанитарни служби од Италија и Грција, во периодот од 11 до 17 јули во просториите на Државниот инспекторат за земјоделство реализирана е мисија од страна на двајца експерти од Одделението за фитосанитарна контрола, во рамките на Министерство за рурален развој и храна на Република Грција г-дин Христос Арампанзиз и Г-ѓа Јоаниду Ставрула. Целта на мисијата беше ревидирање и дополнување на постоечките Стандардните оперативни процедури за фитосанитарна инспекција и нивно хармонизирање со ЕУ законодавството.

Објавена информација - ВЕСТИ на 26.07.2022 година на веб страната на ДИЗ.Во просториите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, директорот на Државниот инспекторат за земјоделство м-р Јане Станкоски заедно со Биљана Талеска – Компонентен лидер од земјата корисник од Државниот инспекторат за земјоделство, учествуваа на третиот Управен комитет на ЕУ IPA Твининг проектот „Подобрување на административните и оперативните капацитети на надлежните органи за заштита на растенијата" каде присуствуваа и претставници од надлежните служби од нашата држава, Италија и Грција.

Објавена информација - АКТИВНОСТ на 02.09.2022 година на веб страната на ДИЗ. Долгата винска традиција на земјите од Отворен Балкан претставена преку врвни вина на Саемот „Винарска Визија". Во рамки на првиот меѓународен саем за вино, храна и туризам „Винска Визија на Отворен Балкан", кој во следните четири дена се одржува во Белград под покровителство на Република Северна Македонија, Република Србија и Република Албанија, македонските компании за храна и вино ќе ги презентираат своите производи и традиции. Дел од делегацијата на Република Северна Македонија на Саемот во Белград предводена од премиерот на Република Северна Македонија Димитар Ковачевски е и Директорот на Државниот земјоделски инспекторат, Јане Станкоски.

Објавена информација - ВЕСТИ на 26.09.2022 година на веб страната на ДИЗ. Корисни информации за употребата, улогата и значењето на листите за проверка.Инспекциските

реформи во Северна Македонија, поддржан од Европската банка за обнова и развој, се изработи Анализата за употребата и влијанието на Листите за проверка при спроведувањето на инспекцискиот надзор кај субјектите на надзор. За потребите на Анализата, а со поддршка на стопанските комори во Северна Македонија, се спроведе анонимна анкета врз правни лица (субјекти на надзор), со цел да се испита ефектот од досегашната употреба на листите за проверка.

Објавена информација - АКТИВНОСТ на 04.10.2022 година на веб страната на ДИЗ.НВО Инфоцентарот заедно со партнерските организации Спектар од Крива Паланка и Центарот на заедницата на општина Струга, на 29 септември 2022 година, со почеток во 11 часот, во хотелот Холидејин (сала Скала 2) во Скопје, организираа дебата во рамки на проектот „Локални инспекциски служби во интерес на граѓаните", посветена на придобивките и предизвиците за локалните инспектори од примената на Законот за инспекциски надзор, донесен во 2019 година на која присуствуваа над 100-тина локални инспектори, раководители на општински инспекциски служби и други лица.Како панелисти учествуваат: Благоја Гешоски, Инспекциски совет на РСМ; Нури Бајрами, Државна комисија за спречување на корупцијата; Бобан Бојковски раководител на Секторот за инспекциски надзор – Куманово; Славица Переска, раководителка на Одделението за инспекциски надзор – Велес; д-р Мери Петреска, Виш инспектор во Државниот инспекторат за земјоделство и Горан Трајчевски, експерт.

Објавена информација - АКТИВНОСТ на 06.10.2022 година на веб страната на ДИЗ.На 27 сeптеври 2022 година во Златибор, Република Србија се одржа регионалната работилница SEED+ на која активно учество земаа и претставници на Државниот инспекторат за земјоделство. На работилиницата учествуваа и претставници од надлежните органи од фитосанитарната област на сите држави членки на CEFTA. Цел на овој состанок беше следење на активностите на SEED+ Phyto пилот проектот кој започна со имплементација на 14 јули 2022 година.

Објавена информација –НАСТАНИ на 10.11.2022 година на веб страната на ДИЗ. Во рамките на ЕУ IPA Твининг проектот „Подобрување на административните и оперативните капацитети на надлежните органи за заштита на растенијата", кој се спроведува во соработка со надлежните фитосанитарни служби од Италија и Грција, на 3-ти и 4-ти ноември 2022 година во Државниот инспекторат за земјоделство беше одржана обука на тема „Начин на спроведување на инспекциски контроли на дрвен материјал за пакување и оператори кои спроведуваат топлотен третман на дрвен материјал за пакување" од страна на експерти од фитосанитарната област од Италија и Грција: Орацио Корбо и Ираклис Бурбуракис.

Објавена информација - АКТИВНОСТ на 19.10.2022 година на веб страната на ДИЗ. На ден 18.10.2022 година во НУ Музеј на македонската борба – објект Порта Македонија беше реализирана специјализирана обука за инспекторите од Државниот архив и неговите подрачни одделенија. Темата која беше опфатена на обуката се однесуваше на усогласувањето на Законот за архивски материјал со одредбите од Законот за прекршоци и Законот за инспекциски надзор. Обуката беше реализирана од страна на д-р Мери Петреска, Виш инспектор и експерт во областа и примената на Законот за прекршоци на покана на Државниот архив, а во соработка со директорот на Државниот инспекторат за земјоделство, м-р Јане Станкоски .

Објавена информација - АКТИВНОСТ на 20.10.2022 година на веб страната на ДИЗ. На ден 19.10.2022 година во просториите на Државниот инспекторат за земјоделство се одржа презентација на електронската база на прописи на ЈП Службен весник на РСМ.

Објавена информација - АКТИВНОСТ на 28.10.2022 година на веб страната на ДИЗ.Потпишување на договори за поврзување на платформата за интероперабилност во функција на системот е-инспектор. Во насока на реализирање на приоритетните цели на Владата на Република Северна Македонија, борбата против корупцијата и дигитализацијата на општеството, денес, на 26.10.2022 година, Инспекцискиот совет во улога на координатор на посредните корисници потпиша поединечни договори со посредните корисници (13 инспекциски служби) за користење на единствен комуникациски клиент за поврзување на единствената околина, и тоа со: Државен инспекторат за животна средина, Државен просветен инспекторат, Државен санитарен и здравствен инспекторат, Државен инспекторат за шумарство и ловство, Државен инспекторат за градежништво и урбанизам, Државен инспекторат за транспорт, Државен комунален инспекторат, Државен инспекторат за локална самоуправа, Државен технички инспекторат, Државен девизен инспекторат, Државен инспекторат за земјоделство, Инспекторат за употреба на јазиците и Агенција за храна и ветеринарство.Twitter

Објавена информација - АКТИВНОСТ на 29.11.2022 година на веб страната на ДИЗ.расте цената на тутунот,откупот стартува со над 30% повисока цена, владините мерки за развој на тутунопроизводството даваат позитивни резултати. Директорот на Државниот инспекторат за земјоделство Јане Станкоски, заедно со претседателот на Владата на Република Северна Македонија Димитар Ковачески и министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Љупчо Николовски, денеска во Прилеп имаа средба со дел од земјоделците производители на тутун и го посетија откупниот пункт за тутун во рамки на Тутунскиот комбинат во Прилеп. Согласно податоците од Државниот инспекторат за земјоделство, оваа година како што изјави премиерот Ковачевски, откупот на тутунот започнува со зголемена откупна цена над 30% споредено со минатата година.

Објавена информација - АКТИВНОСТ на 05.12.2022 година на веб страната на ДИЗ. Директорот на Државниот инспекторат за земјоделство, м-р Јане Станкоски учествуваше на Регионалната работилница за зголемување на ефикасноста на спроведување на АЕО (Овластени економски оператери) со зајакнато учество на другите агенции вклучени во граничното управување, меѓу кои спаѓа и Државниот инспекторат за земјодество преку фитосанитарната инспекција на граничен премин. Работилницата беше организирана од страна на USAID и на истата земаа учество експерти од СТО, ЕУ експерти од областа на царинско работење, фитосанитарна политика и ветеринарство, како и претставници од царинските служби, фитосанитарните и ветеринарните надлежни служби од Република Северна Македонија, Република Србија и Република Албанија, претставници на компаниите кои се овластени економски оператори во трите земји.

Објавена информација - АКТИВНОСТ на 05.12.2022 година на веб страната на ДИЗ.Во рамките на ЕУ IPA Твининг проектот „Подобрување на административните и оперативните капацитети на надлежните органи за заштита на растенијата", кој се спроведува во соработка со надлежните фитосанитарни служби од Италија и Грција, во периодот од 28.11.2022 до 01.12.2022 година во Велес се одржа Работилница на која се работеше на подготвување на Предлог законот за здравјето на растенијата на која учествуваа претставници од Фитосанитарната управа, Државниот инспекторат за земјоделство, како и ЕУ експертите од фитосанитарната област г-дин Џанлука Говернатори и г-дин Христос Арабацис.

Објавена информација - ВЕСТИ на 12.12.2022 година на веб страната на ДИЗ. Јане Станкоски вели дека досега нема оспорена проценка при откупот на тутун.Досега се откупени преку 9.000 тони тутун по просечна цена од над 275 денари за килограм.Откупот на тутунот се одвива непречено, без проблеми и според динамиката се очекува да заврши до Нова Година, информираат од Државниот земјоделски инспекторат. Досега се откупени преку 9 000 тони по просечна цена од над 275 денари за килограм.

Објавена информација - АКТИВНОСТ на 13.12.2022 година на веб страната на ДИЗ. Одржан промотивен настан посветен на развојот на информатичкиот систем за инспекциски надзор, Е- Инспектор на кој присуствуваше и директорот на Државниот инспекторат за земјоделство Јане Станковски. Во организација на Инспекцискиот совет, Европската банка за обнова и развој и избраната ИТ компанија ИТгма, се одржа Промотивен настан посветен на развојот на информатичкиот систем за инспекциски надзор, Е- Инспектор, на кој присуствуваше и директорот на Државниот инспекторат за земјоделство Јане Станковски. Развојот на Електронски систем за дигитализација и автоматизација на инспекциската постапка и надзор Е-инспектор, претставува ефикасен контролен механизам за намалување на субјективното влијание на инспекторите при вршењето на инспекциските надзори.

Порталот за електронска комуникација (Е - Барање за извоз на вино) со Државниот инспекторат за земјоделство е наменет за сите правни и физички лица кои до сега остварувале писмена комуникација со Државниот инспекторат за земјоделство, или ќе имаат потреба во иднина. Е - Барање за извоз на вино е дополнителена апликација која, Државниот инспекторат за земјоделство ја става на располагање на сите надворешни корисници со цел да им овозможи да подигнуваат најразлични видови на барања за издавање на придружен документ за извос на вино, производи од винско грозје и производи од вино кои се издаваат од страна на Државниот инспекторат за земјоделство во електронска форма од областа на Земјоделската испекција.

Порталот за електронска комуникација (Е - Барање за издавање на уверение за квалитет) со Државниот инспекторат за земјоделство е наменет за сите правни и физички лица кои до сега остварувале писмена комуникација со Државниот инспекторат за земјоделство, или ќе имаат потреба во иднина. Е - Барање за издавање на уверение за квалитет е дополнителена апликација која, Државниот инспекторат за земјоделство ја става на располагање на сите надворешни корисници со цел да им овозможи да подигнуваат најразлични видови на барања за издавање на уверение за квалитет - сертификат/придружен документ за производот што се увезува, извезува или пушта во внатрешен промет, кои се издаваат од страна на Државниот инспекторат за земјоделство во електронска форма.

Претставки и предлози и слободен пристап до информации

Државниот инспекторат за земјоделство согласно законската обврска чл 19 од Закон за постапување по претставки и предлози во соодветен образец ИПП (Сл. весник 02/09) доставува полугодишни 2 (две) информации до Министерство за информатичко општество за постапување по преставки и предлози (усмени, писмени и електронски), поднесени од страна на физички лица, правни лица, други лица и анонимни лица.

Во извештајниот период (II – второ полугодие) се доставени вкупно 119 (49 – усмени, 67 – писмени и 3 – електронски), поднесени од страна на вкупно 67 физички лица, 33 правни лица, 0 други лица и 19 анонимни лица. По сите претставки и предлози во надлежност на Државниот инспекторат за земјоделство е постапено во законски рок.

Во 2022 година се доставени вкупно 227 (92 – усмени, 125 – писмени и 10 – електронски), поднесени од страна на вкупно 130 физички лица, 47 правни лица, 13 други лица и 37 анонимни лица. По сите претставки и предлози во надлежност на Државниот инспекторат за земјоделство е постапено во законски рок.

Овој број во ИПП се пренесува и како податок кој го води архива во УПП, како и постапките во РЕГ 6 РИИ и ИП1, Но за нив не се обезбедува податок на централно ниво во институцијата, со цел нивно раздвојување и прецизирање на истите.

Исто така, дел од пријавите, иницијативи, барања по кои се постапува се евидентираат во соодветни образеци кај секој инспектор кој постапува по истите (РЕГ 6 РИИ и ИП1), Но истите како податок на ниво на ДИЗ не се сублимирани поради непостоење на софтверско решение.

*Дополнителна Табела 9 Преглед на примени претставки по области, форма, подносител, одговорени во полугодието*

| за податоците кои што се однесуваат на постапувањето по преставки и предлаози Од 01.07.2022 до 31.12.2022 година | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на примени претставки и предлози | | | Законски прописи | | Форма | | | Подносител | | | | Препратено на надлежност | Број на претставки и предлози по кои е постапено | | |
| Примени | Пренесени | Вкупно | ЗАКОН | или Шифра на закон (од РЕГ 1 РЗП) | Усно | Писмено | Елек. | Физ.лица | Прав. лица | Други | Аноним. | | во законски рок | по истек на рокот | Постапкат а е во тек |
| 6 | 0 | 6 | Закон за земјоделство и рурален развој | ЗЗРР | 0 | 4 | 2 | 4 | 1 | 0 | 1 | 0 | 6 | 0 | 0 |
| 61 | 0 | 61 | Закон за земјоделско земјиште | ЗЗЕЗ | 26 | 35 | 0 | 42 | 10 | 0 | 9 | 6 | 59 | 0 | 2 |
| 15 | 0 | 15 | Закон за рибарство и аквакултура | ЗРА | 5 | 10 | 0 | 1 | 12 | 0 | 2 | 0 | 15 | 0 | 0 |
| 23 | 0 | 23 | Закон за пасишта | ЗП | 12 | 11 | 0 | 12 | 7 | 0 | 4 | 0 | 22 | 0 | 1 |
| 4 | 0 | 4 | Закон за сточарството | ЗСТ | 1 | 3 | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 |
| 2 | 0 | 2 | Закон за тутун и тутунски производи | ЗТПТСП | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 2 | 0 | 0 |
| 4 | 0 | 4 | Закон за виното | ЗВИ | 3 | 1 | 0 | 3 | 0 | 0 | 1 | 0 | 4 | 0 | 0 |
| 4 | 0 | 4 | Закон за семенски и саден материјал за земјоделски растенија | ЗССМЗР | 2 | 2 | 0 | 3 | 0 | 0 | 1 | 0 | 4 | 0 | 0 |
| **119** | **0** | **119** | | | **49** | **67** | **3** | **67** | **33** | **0** | **19** | **6** | **116** | **0** | **3** |

До Државниот инспекторат за земјоделство во извештајниот период (јули-декември 2022 година) НЕМА поднесено барања за информации од јавен карактер. Од страна на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер до Државниот инспекторат за земјоделство нема вложено, усвоено ниту една жалба и исто така нема ни одбиено или отфрлено ниту една жалба и нема ниту еден случај на молчење на Комисијата. Во овој период, исто така нема барања за поведување прекршочна постапка и изречени прекршочни санкции. Нема поведени управни спорови против конечна одлука на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

## VIII.2. Односи со медиумите

Од страна на Државниот инспекторат за земјоделство во текот на 2022 година се одржани повеќе средби со институции (директори, градоначалници на општини, владини лица и др.) и граѓани со цел да им се помогне на граѓаните во остварување и заштита на нивните права од областа на земјоделството, редовно се одржуваа отворени средби на инспекторатот во повеќе населени места во државата. Воедно од страна на инспекторатот редовно беа доставувани соопштенија до медиумите и истите беа објавувани во дневните информативни изданија како и на повеќе интернет портали.

Државниот инспекторат за земјоделство на својата веб страна www.diz.gov.mk започнувајќи од 01.02.2018 година го стави на располагање порталот за електронска комуникација (Е - фитосанитарни барања/пријави) наменет за сите надворешни корисници со цел да им овозможи да подигнуваат најразлични видови на барања/пријави за издавање на фитосанитарен сертификат за извоз/реекспорт/пасош за растенија (замена на пасош на растенија) и фитосанитарен преглед на пратки растенија,

растителни производи и други објекти и предмети, производи за заштита на растенија и ѓубрива при увоз/транзит кои се издаваат од страна на Државниот инспекторат за земјоделство во електронска форма во областа на Фитосанитарната инспекциски.

Во рамките на работењето на Државниот инспекторат за земјоделство функционира и **EXIM системот - едношалтерски систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти**, ( www.exim.gov.mk), проект на Владата на Република Северна Македонија, и истиот овозможува одобрување на поднесените барања за дозволи и издавање на дозволите од извршените контроли на пратките.

Од страна на Државниот инспекторат за земјоделство при спроведување на постапката за одобрување на барање за увоз се издава **лиценца l005** - *Потврда за извршен органолептички преглед и земени мостри при увоз на пратки од растително потекло* и **лиценца l009** - Влезен документ за репродуктивни животни и приплоден материјал при увозна постапка.

Државниот инспекторат за земјоделство како институции од јавниот сектор податоците кои ги создаваат во остварувањето на своите надлежности во 2018 година започна да ги објавува во формат на отворени податоци организирани во посебни податочни сетови на порталот за отворени податоци https://data.gov.mk/ на Владата на Република Северна Македонија.

Државниот инспекторат за земјоделство има плодна и многу важна соработка со здруженијата на земјоделците и истата продолжува со тоа што ги охрабри преку ,,***Известување***" на 02.03.2018 година на веб страна, да ги пријават сознанија од теренот за неправилности (недозволена трговија со семенски и саден материјал, шверц на производи за заштита на растенијата, незаконски увоз или трговија со земјоделски производи, неправилности при откупот на земјоделските производи и сл.) на бесплатниот телефонски број (0800 11 000) или на телефонскиот број 02/3121462 - Државен инспекторат за земјоделство.

Широката јавност мора да верува во реформите на самиот инспекциски ситем "*Реформирани инспекции за поквалитетно работење*". Затоа при секоја интеракција со било која целна група, целта е да се биде јасен во пренесување на следните пораки:

- Инспекторите/ Инспекторатот се посветени и одговорно работат да ги заштитат правата на граѓаните, бизнис секторот, како и почитување на правото.
- Инспекторите се транспарентни.
- Инспекторите имаат одговорност да постапуваат совесно.
- Реформите го подобрија секојдневното живеење на граѓаните, како и условите за работата на бизнис заедницата.

### VIII.3. Интернет страница

Информации поврзани со и за работата на Државниот инспекторат за земјоделство во електронска форма на граѓаните им се достапни на страната (http://diz.gov.mk). Страната редовно се ажурира со податоци и информации во врска со работењето на Инспекциската служба.

Државен инспекторат за земјоделство, ја активира својата официјалната фејсбук страна на *https://www.facebook.com/profile.php?id=100011346702871*, на која граѓаните ќе можат да се информираат за тековното работење на Инспекторатот, преку отворена и конструктивна комуникација, да ги споделуваат своите коментари, идеи и прашања. Оваа страна има за цел

навремено и транспарентно да ги информира граѓаните за активностите на Државен инспекторат за земјоделство и за корисните информации и услуги кои ги обезбедува институцијата за граѓаните.

### VIII.4. Употреба и надградби на ИТ системите

Во изминатиот период извршена е надградба на ,,Главен информативен систем за гранична фитосанитарна инспекција" ФИДИЗ кој се користи за електронска евиденција на пратки од увоз, реекспорт, транзит и извоз, со која се овозможија подобри перформанси на истиот, како и воведување на следливост на наплатите извршени од страна на фитосанитарните инспектори односно во продукција се пушти модулот за финасиско работење и книжење на фактури во ДИЗ и за извоз на вино и тутун.

Во тек е изработка и имплементација на софтверско решение со које ќе се поврзат ФИДИС системот и ЕХИМ системот преку кое електронски ќе се одобрува лиценцата N581.

Во рамки на ЦЕФТА, а со поддршка на Европската Унија изработен е нов IT ситем TRACES NT, преку кој ќе се овозможи електронска размена на фитосанитарните сертификати и пропратни документи на пратките од свежо овошје и зеленчук кои се дел од трговијата меѓу земјите членки на ЦЕФТА ( Северна Македонија, Србија, Албанија, Косово, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Молдавија). Во текот на втората половина на 2022 година во рамки на проширување и поврзување на горенаведениот TRACES NT, ИТ систем извршена е конекција со ФИДИЗ системот на Државниот инспекторат за земјоделство со што се овозможи размена на податоците во однос на пратките кои се увезуваат, извезуваат и реекспортираат меѓу членките на ЦЕФТА. Во текот на 2023 година се очекува целосна имплементација на овој систем.

Во извештајниот период дополнително:

- се направи поврзување со веб сервисот за интеротерабилност проект на Владата на Р.С.Македонија;
- се почна со проектирање и изработка на системското решение Е - инспектор ( во рамките на овој систем е предвидено изработка на модулот наменет за потребите на ДИЗ).

ИТ системот изработен во соработка со ЕУ ИПА проектот: „Подобрена имплементација на здравјето на животните, безбедноста на храната и фитосанитарно законодавство и соодветни информациски системи", поради одредени технички проблеми сеуште не е во фукција, но спроведена е јавна набавка за надградба на истиот и негово поврзување со останатите ИТ системи и се очекува неговата употреба до започне во текот на 2023 година. Во овој систем предвидена е размена на податоци помеѓу Фитосанитарната управа, Државната фитосанитарна лабораторија и Државниот инспекторат за земјоделство - Фитосанитарна инпекција. Со помош на овој систем на фитосанитарните инспектори ќе се олесни работата на секторот, ќе се овозможи полесна размена на информации, складирање на инспекциските акти, како и обработка на расположливите податоци.

Државниот инспекторат за земјоделство започна со тестирање на FIDIS системот во 2017 година и истото е активно во 2018 година, тоа е модулот наменет за електронско поднесување и администратирање на барања за издавање на сертификати, уверенија и придружни документи кои се издаваат од страна на инспекторатот **за извоз на вино и тутун** кој активно се користи и во извештајниот период, а веќе во планот за 2023 година се разгледуваат неколку софтверски решенија за негово надградување со нови дополнителни фукционалности.

## VIII.5. Иновации во работењето, унапредување и воведување на интерни процедури во инспекциската служба

Од страна на секторот за инспекциски надзор од областа на земјоделството и руралниот развој, органско производство, тутун и тутунски производи и квалитет на земјоделски производи, на ден 12.10.2022 година се донесе листа за проверка за увоз на органски производи (член 51 - прием на производи од други земји од Закон за органско земјоделско производство „Службен весник на Република Македонија" бр. 146/2009, 53/2011, 149/2015, 39/2016 и 132/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 150/2021), изработен врз основа на член 70 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/19), која е задолжителни при редовен инспекциски надзор и објавена на веб страницата на инспекциската служба https://diz.gov.mk/dokumenti/obrazci-tarifnici/.

Директорот на Државниот инспекторат за земјоделство, согласно член 65 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/19), донесе "Одлука за утврдување на коефициентот на сложеност на инспекцискиот надзор" бр. 09-905/1 од 06.10.2022 година.

## VIII.6. Соработка со други инспекциски служби и државни институции

Државниот инспекторат за земјоделство заради широкиот спектар на разнородни законски овластувања и надлежности при своето работење соработува со следните институции: Царинска управа на Република Северна Македонија, Министерство за внатрешни работи – МВР, Национален координативен центар за гранично управување – НКЦГУ, Агенција за храна и ветеринарство –АХВ, Централен регистер на Република Македонија, Управа за јавни приходи – УЈП, Државен инспекторат за животна средина и природа – ДИЖС, АВРМ-Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Финансиска полиција и др.

Државниот инспекторат за земјоделство има потпишано меморандуми за соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство, Царинската управа на Република Северна Македонија со Централен регистар, АВРМ и размената на податоци помеѓу овие институции е по потреба. Посебни пропишани методологии, заеднички системи кои ги поврзуваат во нивното работење во моментот нема, а кои се многу важни за понатамошното работење на Инспекциската служба.

На ден 18.10.2022 година во НУ Музеј на македонската борба – објект Порта Македонија беше реализирана специјализирана обука за инспекторите од Државниот архив и неговите подрачни одделенија од страна на д-р Мери Петреска, Виш инспектор и експерт во областа и примената на Законот за прекршоци на покана на Државниот архив, а во соработка со директорот на Државниот инспекторат за земјоделство, м-р Јане Станкоски.

За донесување на нов Закон за органско земјоделско производство (ЗОЗП) („Службен весник на Република Македонија" бр. 146/2009, 53/2011, 149/2015, 39/2016 и 132/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 150/2021), е формирана работна група од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во која на 3- три состаноци (10.11.2022, 28.11.2022 и 06.12.2022 година) земаа учество и претставници (главниот и вишиот инспектор) од Државниот инспекторат за земјоделство .

Преставници од Државниот инспекторат за земјоделство земаа учесто на 7- Седмиот состанок на Националниот комитет за олеснување на трговијата се одржан на 27 декември 2022 година во Министерството за економија. На состанокот учествуваа претставници од

Министерство за надворешни работи, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за финансии, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенција за храна и ветеринарство, Државен инспекторат за земјоделство, Царинска управа на Република Северна Македонија, Управа за семе и саден материјал, Државен пазарен инспекторат, Државен санитарен и здравствен инспекторат, Сојуз на Стопански комори на Македонија, Стопанска комора на Северна Македонија, Групација на меѓународни шпедитери и логистички оператори - МИФА, СИЗ Македонија сообраќај АМЕРИТ, МАКАМ-ТРАНС, УСАИД (EDGE) и Делегација на ЕУ.

## VIII.7. Соработка со бизнис заедницата и здруженија на потрошувачите

Државниот инспекторат за земјоделство согласно начелата од Законот за инспекциски надзор првенствено делува превентивно со својата функција и секогаш е отворен за соработка со голем број на земјоделски здруженија и невладини организации како Здруженијата на тутунопроизводителите, Федерација на фармери на Република Северна Македонија, Здруженија на оризопроизводители, Групацијата на мелничко пекарската индустрија, Стопанската комора на Македонија, Здружение на лозаро производители и други.

Инспекторатот ќе продолжи да гради партнерски однос со бизнис заедницата и севкупна мисија на подобрување на работењето на бизнисите со предлог конструкција "***Инспекцијата го подобрува Вашето работење***" или "***Инспекторите работат во Ваша полза***". Вработените во Инспекторатот, ќе имаат професионален пристап со високо ниво на исполнување на задачите со предлог конструкција "***Професионални инспектори за професионални бизниси и институции***".

НВО Инфоцентарот заедно со партнерските организации Спектар од Крива Паланка и Центарот на заедницата на општина Струга, на 29 септември (четврток) 2022 година, организираа дебата во рамки на проектот „Локални инспекциски служби во интерес на граѓаните", посветена на придобивките и предизвиците за локалните инспектори од примената на Законот за инспекциски надзор, донесен во 2019 година на која присуствуваа над 100-тина локални инспектори, раководители на општински инспекциски служби и други лица. Како панелисти учествуваше д-р Мери Петреска, Виш инспектор во Државниот инспекторат за земјоделство. На дебатата беа презентирани наодите од анкетата спроведена во периодот од 7 до 21 јуни 2022 година, на која учествуваа 96 општински инспектори и раководители на општински инспекциски служби во врска со примената на новиот Закон за инспекциски надзор. Инфографиците со клучните резултати на анкетата се достапни на следниов линк: https://www.facebook.com/NVOInfocentar/posts/5774317659287692.

## VIII.8. Соработка со образовни и научни институции

Државниот инспекторат за земјоделство е во континуирана соработка со образовните и научните институции од областа на земјоделството како Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, Земјоделски факултет во Штип, Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и други.

## VIII.9. Проекти

Со проектите финансирани од, ИПА, CEFTA, SEED + ќе се овозможи подобрување на системите за анализа на ризик како и проценка на ефективноста на работењето на инспекциските служби преку изработените: прирачници, протоколи, стандардни оперативни процедури.

Приказ на тековни проекти:

IPA Твининг проект проект"MK 19 IPA AG 01 21 Подобрување на административните и оперативните капацитети на надлежните органи за заштита на растенијата", во фаза на реализација (февруари 2022 – ноември 2023 година).

CEFTA во областа на фитосанитарна политика, обезбедува континуирана поддршка, изработени се повеќе прирачници за приоритетни штетни организми, обуки, чек листи и сл.

SEED +, изработка на ИТ систем преку кој ќе се овозможи електронска размена на фитосанитарните сертификати и пропратни документи на пратките од свежо овошје и зеленчук кои се дел од трговијата меѓу земјите членки на ЦЕФТА.

Во текот на изминатиот период започна со реализација регионалниот проект финансиран од DG SANTE зајакнување на капацитетите на надлежните служби од областа на ветеринарство и здравје на растенијата.

Вработени од Државниот инспекторат за земјоделство активно се вклучија во ЕУ проектот за усогласување и имплементација на европското законодавство во областа на рибарството и аквакултурата на Република Северна Македонија.

Во насока на реализирање на приоритетните цели на Владата на Република Северна Македонија, борбата против корупцијата и дигитализацијата на општеството, денес, на 26.10.2022 година, Инспекцискиот совет во улога на координатор на посредните корисници потпиша поединечни договори со посредните корисници (13 инспекциски служби) за користење на единствен комуникациски клиент за поврзување на единствената околина, и тоа со: Државен инспекторат за животна средина, Државен просветен инспекторат, Државен санитарен и здравствен инспекторат, Државен инспекторат за шумарство и ловство, Државен инспекторат за градежништво и урбанизам, Државен инспекторат за транспорт, Државен комунален инспекторат, Државен инспекторат за локална самоуправа, Државен технички инспекторат, Државен девизен инспекторат, Државен инспекторат за земјоделство, Инспекторат за употреба на јазиците и Агенција за храна и ветеринарство.

Предмет на овие договори е уредување на начинот на размена на податоците и документите по електронски пат помеѓу посредените корисници на единствена околина, што ќе овозможи пристап до точни и ажурни информации и податоци, а со цел ефикасно и непречено функционирање на Информацискиот систем за спроведување на инспекцискиот надзор Е – Инспектор, подржан од ЕБРМ, во рамки на проектот „Развој на Е-инспектор – проширување на поддршката на реформата на инспекциските служби во Република Северна Македонија".

Во организација на Инспекцискиот совет, Европската банка за обнова и развој и избраната ИТ компанија ИТгма, се одржа Промотивен настан посветен на развојот на информатичкиот систем за инспекциски надзор, Е- Инспектор, на кој присуствуваше и директорот на Државниот инспекторат за земјоделство Јане Станковски. Развојот на

Електронски систем за дигитализација и автоматизација на инспекциската постапка и надзор Е-инспектор, претставува ефикасен контролен механизам за намалување на субјективното влијание на инспекторите при вршењето на инспекциските надзори. Развојот на системот Е-Инспектор е највисоко на владината агенда и е една од основните стратешки цели на Инспекцискиот совет, како алатка во борбата против корупцијата и дигитализацијата на општеството. Придобивките од овој систем се далеку поголеми за субјектите на надзор, отколку за самите инспектори и инспекциски служби, бидејќи ќе го намали субјективното влијание на инспекторот, а со тоа и можноста за корултивно однесување. Преку интегрирање на листите за проверка и електронската распределба на надзорите, инспекцискиот надзор ќе биде многу пообјективен, унифициран и без можност за манипулација, со што ќе се зголеми правната сигурност и довербата на граѓаните во севкупниот инспекциски систем. На настанот активно учество земаа Заменик на Претседателот на Владата задолжена за политики за добро владеење, г-ѓа Славица Грковска, Шефот на канцеларијата на Европската банка за обнова и развој во Република Северна Македонија, г-дин Енди Аранитаси, Претседателка на Инспекцискиот совет на Република Северна Македонија, г-ѓа Даниела Рендевска и г-ѓа Ендрита Џаферај, експерт за инвестициска клима и управување во Европската банка за обнова и развој, проектен менаџер. Г-дин Станојоски, од ИТма даде краток вовед за наодот од преземените активности и детали за изготвувањето и имплементацијата на GAP Анализата на Пилот фазата од развитокот на информатичкиот систем Е-инспектор. Потоа се осврна на понатамошните чекори за развивање на 13-те нови модули за новите 13 инспекциски служби.

# IX. Заклучоци и препораки

Со примена на новиот концепт на инспекциски надзор преку планирање врз основа на процена на ризик и воедначено вршење на инспекцискиот надзор, се постигна поголема транспарентност, предвидливост и правна сигурност за субјектите на надзор.

Општата оценка на реализација на зацртаните програмски цели и задачи, е на **високо ниво на нивно исполнување, квалитетно, ефективно, ефикасно почитувањето на роковите, придонесот кон остварување на зацртаните цели и планови во поглед на годишната програма за работа на институцијата и покажа посветеноста и ангажираноста во планирањето и остварувањето на резултатите, работната етика и дисциплина**.

Обуките беа изведувани од страна на именувани обучувачи, кои поседуваа соодветно искуство и знаење. Кај сите 576 учесници (инспектори и административни службеници) на вкупно 19 обуки, дојде до надградување на основните компетенции и вештини особено кај инспекторите, со што се овозможи постигнување на високи перформанси и помош во нивниот професионален развој и се постигнаа стратешките основи (Прикажани во Допол. табеларен преглед бр. 7).

Препораки за решавање на проблемите со кои се соочува инспекциската служба и неможност за преземање на мерки по законите се следните:

- Управување со ризици

- потреба за отпочнување на процес на воведување на меѓународниот стандард ISO 31000:2009 Управување со ризици принципи и насоки,
- потреба од воспоставување на електронски систем за планирање на инспекциски надзори врз основа на проценка на ризик (со започнување на проектот е-инспектор).

- Организација и раководење
- Состојба со човечки ресурси - староснатa граница на инспекторите и неможност за нови вработување за млади кадри.

- Надлежности - колизија меѓу сродни закони.
- Состојба со човечки ресурси - старосната граница на инспекторите и неможност за нови вработување за млади кадри.
    - Инспекциски надзор
- потребно е да се изврши целосна усогласеност, поедноставување и хармонизација на материјалните закони со Законот за државниот инспекторат за земјоделство, Законот за инспекциски надзор и Законот за прекршоците,
- употреба на листите за проверка при вршењето на инспекциски надзори со цел унифицирање на постапката,
- спроведување на дигиталната платформа „е-инспектор" - електронскиот систем за инспекциски надзор, започна во II полугодие 2022 година каде се одржани серија на состаноци со преставници на Инспекциски Совет и ЕТигма со цел презентација на инспекциските постапки кои се карактеристични за Државниот инспекторат за земјоделств со кој систем ќе понуди подобро планирање и менаџирање на ризикот на инспекцискиот надзор и подобрена ефикасност, транспарентност и одговорност во работата на инспекторите,
- воспоставување на јасна законска и институционална рамка преку целосен и инклузивен процес на идентификација и промена на неефикасното и неконзистентното законодавство, како и судирот на надлежности во законите и прописите,
- недоволни средства за водење на електронска архива,
- недостаток на опрема за спроведување на инспекциски надзор (и покрај обезбедени финансиски средства, како последица на сложени процедури за јавна набавка неколку пати по ред не се успева да се набави истата),
- немање пристап до повеќе регистри кои се водат во МЗШВ, со посебен акцент на Фарм регистарот, а овој регистар е неопходен за утврдување на субјекти на инспекциски надзор за здравјето на растенијата, како и правилна употреба на фитофармацевтски производи,
- непостоење на интегрирана база на податоци на контролирани субјекти заради следливост на постапките на инспекторите во инспекциските служби, со цел вклучување на субјектот во правниот систем,
- воведување на еден систем база на податоци која ќе се полни тековно со потребните информации, а со кои нема дополнително да се задолжува инспекторот да доставува извештаи и планови,
- потреба за отпочнување на процес на воведување на меѓународниот стандард ISO 9001:2015 Системи за менаџмент со квалитет,
- потреба за воспоставување на систем за електронска поделба на предмети (документ менаџмент систем – ДМС),
- потреба од размена на искуства при постапување на инспекторите - работилници со други инспекциски служби,
- потреба од пропишана процедура за водење на евиденција за бројот на пријавени неправилности за работата на инспекторите;

- потреба за поголема автоматизација и синхронизација на обработката на податоците и анализа и
- потреба од воспоставување на внатрешни стандардни оперативни процедури за унифицираност во работењето при преземање дејства и постапување.

  - Обука на инспекторите и административните службеници.

- За ефективно и ефикасно спроведување на промените кои произлегуваат од законите по кои постапуваат инспекторите, потребно е единствен систем за обуки и стручно усовршување на инспекторите, кој ќе се спроведуваат врз основа на соодветно развиена Стратегија, која ќе биде основа за развој на соодветни и структурирани програми за обука, кои ќе се спроведуваат континуирано, преку софтверско решение за е-обуки.

  - Буџет и финансирање

- Буџетско ограничување во однос на спроведување на годишниот план за стручно усовршување.

  - Меѓународна соработка

- Инспекторатот во рамките на своето работење, со цел полесно приближување кон ЕУ соработува со внатрешните и надворешните институции кои ги покриваат областите кои ги третира, за што има склучено и меморандуми за соработка со голем број институции.

  - Други активности на инспекциската служба

- <u>Употреба и надградби на ИТ системите</u>. Државниот инспекторат за земјоделство има потреба од софтверската апликација која треба да овозможи автоматизирање на деловните процеси и работните активности на инспекторите и да ги поврзе и обедини работните процеси од Државните инспектори за земјоделство и Државните фитосанитарни инспектори (граничната и внатрешната фитосанитарна инспекција) за да се оствари целина на ниво на Државниот инспекторат за земјоделство. Оваа софтверската апликација треба да ги опфаќа сите деловни процеси кои се одвиваат во ДИЗ и да овозможи структурално да биде компатибилна со барањата на Инспекцискиот совет (РЕГ-6-РИИ), Законот за општа управна постапка, Уписникот за предметите од првостепена инспекциска постапка (ИП1) и други позитивни законски прописи. На тој начин ќе се овозможи комплетна поврзаност на процесите и активностите во рамките на ДИЗ и поедноставување, олеснување на работата на директните корисници, при евиденција на контролите и при изготвување на извештаи на сите нивоа.

Заложбата на Државниот инспекторат за земјоделство за навремено, квалитетно, ефикасно вршење на инспекциските надзори со цел почитување на законските прописи ќе продолжи.

**Изработил:** Снежана Давчевска, советник за ЕУ советник во одделение за административна поддршка на директорот

**Контролирал:** д-р Мери Петреска, Виш инспектор во одделение за инспекциски надзор од областа на органското производство

**Одобрил:** Силвана Трбогазова, Раководител на одделение за административна поддршка на директорот

**Приматели следните организациони единици во Инспекторатот:**

- Сектор за инспекциски надзор од областа на рибарството со аквакултурата, сточарството, пчеларството, земјишната политика со поледелско производство;
- Сектор за инспекциски надзор од областа на семе, саден материјал, производи за заштита на растенија, квалитет и безбедност на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, цвеќе, генетски модифицирани организми и вино со лозарство;
- Сектор за инспекциски надзор од областа на земјоделството и руралниот развој, органско производство, тутун и тутунски производи и квалитет на земјоделски производи;
- Сектор за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика;
- Сектор за проекти и административна поддршка на директорот;
- Сектор за логистика и техничка поддршка, правни работи, планирање и обработка на податоци и
- Одделение за управување со човечки ресурси